КАКВА СЛИКА ЗА РЕАЛНОСТА СОЗДАВААТ МЕДИУМИТЕ?

1. Дали некогаш сте добиле злобен коментар во однос на вашиот изглед или големина?
2. Дали другите на некаков начин ви навестиле дека не сте доволно физички привлечни?
3. Дали понекогаш купувањето облека ви е непријатно поради тоа што се плашите дека другите ќе даваат негативни коментари за вашиот избор?
4. Дали некогаш сте одбиле да учествувате во некаква активност за да избегнете коментари за вашиот изглед?
5. Дали сте размислувале за „држење“ диета за да може да ве собере во некоја одредена големина „0“?
6. Дали некогаш сте дале непријатен коментар за нечиј физички изглед?

http://mk.oriflame.com/products/catalogue-viewer.jhtml?per=201404
http://www.farmasi.mk/katalog.html
http://www.avoncosmetics.com.mk/PRSuite/home_page.page

ШТО НАУЧИВМЕ ОД РЕКЛАМИТЕ:

1. Секоја девојка со посветол фустан носи во чантата дволитарско шише средство за перење алишта.
2. Луѓето што живеат во огромни, луксузно опремени апартмани, се хранат со најевтинте салами и маргарини.
3. Во дискотеки и ноќни клубови македонските убавици јадат смоки и чипсови.
4. Добрата домаќинка во својот дом секогаш има валкани плочки, рѓосани славини на чешмите, а тоалетот и врие од бактерии.
5. Целосно е можно во фрижидерот да ви се населени виршли кои зборуваат.
6. Ако оставиш чаша сок на масата, од неа ќе почбнат да излегуваат вистински парчиња овошје
7. Хамбургер се јаде со затворени очи.
8. Исто така и сок се пие со затворени очи.
9. Ако добро сте си ја измиле косата, таа ќе почне да се движи бавно.
10. Пивото ги тера мажите да скокаат со падобран, да се борат со ножеви и други паметни работи.
11. Жените уживаат во чистењето, перењето и пеглањето.
12. Чоколадото ги решава сите проблеми!
13. Во некои фабрики не работат луѓе туку животни
14. Ако си купиш нов автомобил ќе можеш со него да поминуваш и низ ѕидови
15. Доволно е само да си прснете дезодоранс и ќе фатите 3 девојки наеднаш
16. Главниот проблем на човештвото е првутот.
17. Ако две деца ја извалкаат целата облека, нема да дојде тато со шамари, туку некоја тетка со прашок за перење.